МОНИТОРИНГ ИЗВЕШТАЈ

# КОЛКУ ОПШТИНИТЕ СТРУМИЦА И БОСИЛОВО СЕ ГРИЖАТ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЖЕНИТЕ

Организација на жени од Струмица

Струмица, 2024

Оваа публикација е подготвена во рамки на институционалниот грант на Организација на жени од Струмица, финансиски поддржан од Акција Здруженска. Содржината е единствена одговорност на Организација на жени од Струмица и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Акција Здруженска.

## ВОВЕД

Учеството на жените во развојот на локалните политики и во процесите на одлучување е од суштинско значење за одржлив развој на локалните заедници. Општините, како еден од клучните чинители за унапредување на родовата еднаквост во сите сфери на општественото живеење, неопходно е да овзможат подеднакво учество на жените и мажите во овие процеси. Во спротивно, стратешките документи, програми и буџети донесени без учество на жените се неинклузивни и недемократски и водат кон исклучување на нивните потреби, ставови и перцепции.
Затоа, Организацијата на жени од Струмица, врз основа на претходно развиена методологија помеѓу седум женски граѓански организации од Република Северна Македонија, во изминатите пет години во континуитет работи на мобилизација на жените од урбаните и руралните заедници во струмичкиот регион за учество во граѓански консултации за развој на политики/програми/буџети кои подеднакво ќе ги одразуваат потребите и на жените и на мажите и за идентификување и застапување на нивните потреби и приоритети пред општинските власти.
Во седум локални заедници во општините Струмица и Босилово основани се Женски кружоци (ЖК): Општина Струмица - VI и VIII Б Урбана заедница и населените места Дабиле, Добрејци, Муртино и Сачево и село Босилово во Општина Босилово. Активната женска заедница во овие ЖК-ци спроведува низа активности за подобрување на положбата и условите за живот на сите жени во нивните места на живеење. Една од овие активности е насочена утврдувањето на приоритети на жените и преговарање за решавање, односно барање од општинските власти истите да бидат реализирани.

## МЕТОДОЛОГИЈА И ЦЕЛ

Организација на жени од Струмица, во периодот април - септември 2024 година спроведе мониторинг на активностите и мерките што ги преземаат општинте Струмица и Босилово за реализација на приоритетите на жените од VI и VIII Б Урбана заедница и населените места Дабиле, Добрејци, Муртино, Сачево и Босилово. Мониторингот го опфаќа периодот 2022 - 2024 година.
До двете општини беа доставени барања за пристап до информации од јавен карактер.
За потребите на мониторингот беа спроведени разговори со раководители и вработени во јавни претпријатија и локални инстититуции.
Дополнително, заради утврдување на фактичката состојба, Женските кружоци во текот на мај - септември 2024 година спроведоа и терeнски активности, односно ги посетија локациите за кои беа побарани информации од општините Струмица и Босилово.
Целта на мониторингот беше да утврдиме до каде е реализацијата на женските приоритети од горенаведените локации, кои призлегоа од испитување на потребите на жените во заедницата, средби и разговори во фокус групи итн. Идентификуваните приоритети беа предмет на застапување пред локалните власти во фазата на креирање на општинските буџети за 2022, 2023 и 2024 година, преку спроведување средби со градоначалниците, советниците/чките, вработени во општинската администрација и преку доставување барања до општините.

## КЛУЧНИ НАОДИ

- Жените од седум урбани и месни заедници во Струмица во изминатите три години до Општина Струмица имаат доставено вкупно 46 приоритети. Од нив, реализирани се 16 или 35%.

- Општина Босилово во периодот 2022 - 2024 одговорила позитивно на 3 од вкупно пет пориоритети на активната женска заедница во село Босилово (60%).

- Од Општина Струмица не добивме конкретни информации за единаесет барања на жените од шест заедници, со образложение дека надлежни за решавање на повеќето од нив се јавните локални претпријатија, кои всушност се формирани од општината.

- Најголемиот приоритет на жените - женски центри/клубови, не е реализран во вкупно 6 од 7 заедници. Општина Струмица до објавување на овој извештај (октомври 2024) не додели простории за спроведување активности на активната женска заедница во две урбани и четири рурални заедници. Женскиот кружок од Босилово доби на користење просторија за реализација на активности кои се од интерес на жените.

- Заради поголемо учество и застапеност на жените во органите на месната самоуправа, Женските кружоци побараа информација за датумот на распишување избори за членови во советите на месните и урбаните заедници. Општина Струмица не даде конкретен одговор, а во Општина Босилово се уште не се основани месни заедници.

За потребите на мониторингот, изработени се 7 инфографици - по еден за секоја локација.
Во продолжение на овој документ следува поединечен приказ на степенот на реализација на приоритетите на жените од седумте локални заедници - Женски кружоци.

# Мониторинг на реализацијата на приоритети на жените од село Дабиле

## ОПШТИНА СТРУМИЦА

Жените од село Дабиле, во фазата на креирање на општинските буџети за 2022, 2023 и 2024 година, до општина Струмица доставија 11 предлози за подобрување на условите на нивниот живот во заедницата.

Заради утврдување на степенот на реализација на приоритетите на жените од Дабиле, Организацијата на жени од Струмица во април 2024 до општината достави барање за пристап до информации од јавен карактер. На најголемиот дел од поставените прашања општина Струмица не даде конкретни одговори, со образложение дека истите се во надлежност на општинските јавни претпријатија. Поаѓајќи од фактот дека претрпнијатијата се формирани токму од страна на општината, останува нејасно зошто не добивме информации за овие прашања. Затоа, беа извршени и разговори со раководители и вработени во претпријатијата.

Дополнително, поради недостаток на официјални одговори, Женскиот кружок од Дабиле изврши увид и на лице место на локациите за кои беа побарани информации од Општина Струмица.

**Степен на реализација:**
**27%, односно 3 од вкупно 11 приоритети!**

| | Приоритети (барања) на жените | Реализација (одговори) од Општина Струмица |
|---|---|---|
| 1 | Уредување на паркот во центарот на селото: хортикултурно уредување, обновување на постоечките или поставување нови реквизити, реставрација на селската чешма и поставување летниковец. | **Делумно реализирано** Мал дел од паркот е ограден со нова ограда и изработена е бетонска платформа на која треба да бидат поставени детски играчки. |
| 2 | Приклучок на канализационата мрежа до сите домаќинства. | **Нереализирано** Според официјалните информации од општината, ова прашање е под надлежност на ЈКПД Комуналец. Женскиот кружок од Дабиле констатираше дека приоритетот не е реализиран. И од јавното претпријатие информираа дека се уште не е обезбеден приклучок за сите домаќинства. |
| 3 | Изградба на канализациона мрежа на територијата на цело село. | **Нереализирано** Официјалниот одговор од општината е дека прашањето е под надлежност на ЈКПД Комуналец. Информациите од Женскиот кружок и од јавното претпријатие говорат дека приоритетот не е реализиран. |
| 4 | Чистење на дивите депонии од страна на ЈПКД Комуналец – Струмица. | **Реализирано** Според добиениот одговор од општината, прашањето е под надлежност на ЈКПД Комуналец. Од јавното претпријатие добиена е информација дека депониите се чистат еднаш годишно, а по пријава од граѓани и повеќе пати во текот на годината. |
| 5 | Поставување контејнери за селекција на отпад на три локации во селото. | **Нереализирано** Општина Струмица не достави конкретни информации. Женскиот кружок изврши посета на дадените локации и констатираше дека барањето не е реализирано. Од раководител на Водовод и канализација - Струмица добиена е информација дека се уште не се обезбедени контејнерите. |
| 6 | Изградба на тротоари од двете страни на главната улица од почетокот до крајот на селото. | **Нереализирано** Планирана е изградба на тротоари на одредени делови во селото во 2024. |
| 7 | Воведување општински јавен превоз. | **Реализирано** Село Дабиле ќе биде опфатено со јавниот превоз. |
| 8 | Детска градинка | **Нерализирано** Според добиените информации, прашањето е под надлежност на Министерството за социјална политика, демографија и млади. |
| 9 | Доделување просторија на жените за спроведување состаноци и активности. | **Нереализирано** Нема одговор за точниот временски период за реализација на овој приоритет. |
| 10 | Распишување избори за членови на Советите во месните и урбаните заедници. | **Нереализирано** Општина Струмица нема конкретна информација за датумот на распишување избори. |
| 11 | Подобрување на уличното осветлување. | **Реализирано** Замената на уличните светилки се врши по барање на граѓаните/ките. |

# Мониторинг на реализацијата на приоритети на жените од Шеста урбана заедница

## ОПШТИНА СТРУМИЦА

За време на процесот на креирање на буџетите на Општина Струмица за 2022, 2023 и 2024 година, жените од Шеста урбана заедница до општината доставија 9 предлози за подобрување на условите на нивниот живот во заедницата.
Заради утврдување на степенот на реализација на нивните барања, Организација на жени од Струмица во април 2024 до општината достави барање за пристап до информации од јавен карактер. На најголемиот дел од поставените прашања општина Струмица не даде конкретни одговори, со образложение дека истите се во надлежност на општинските јавни претпријатија. Имајќи го во предвид фактот дека претрпијатијата се формирани од страна на општината, останува нејасно зошто не ги добивме бараните информации.
Поради недостаток на официјални одговори, беа спроведени разговори со раководители и вработени во претпријатијата, а Женскиот кружок од Шеста УЗ изврши увид и на лице место на локациите за кои беа побарани информации од Општина Струмица.

**Степен на реализација:**
**44%, односно 4 од вкупно 9 приоритети!**

| # | Приоритети (барања) на жените | Реализација (одговори) од Општина Струмица |
| --- | --- | --- |
| 1 | Решавање на проблемот со узурпација на торотоарите од паркирани моторни возила и прехранбени производи од деловни субјекти - продавници наспроти ЈЗУ Општа болница. Број на преземени и реализирани мерки од страна на инспекциските служби. | **Делумно реализирано** Според добиениот одговор од Општина Струмица, проблемот со узурпација на тротоарите со моторни возила е во надлежност на СВР Струмица. Во однос на користењето јавни површини од страна на деловните субјекти, општинските инспектори имаат извршено 11 надзори. Во 9 случаи издадени се решенија за отстранување и ослободување на просторот, а во 2 случаи изречена е глоба. Женскиот кружок изврши увид на локациите и констатираше дека овој проблем не е решен. |
| 2 | Обновување на реквизитите на постоечкото детско игралиште во Шеста УЗ и поставување ограда. | **Нереализирано** Општина Струмица не достави конкретни информации. Женскиот кружок изврши посета на дадената локација и констатираше дека барањето не е реализирано. |
| 3 | Поставување нови контејнери за отпад и за селекција на отпадот. | **Реализирано** Поставени се нови контејнери за отпад и за селекција на отпадот на повеќе локации во Шеста УЗ. |
| 4 | Вертикална сигнализација или кружен тек на крстосницата кај меѓуградската автобуска станица и улицата „Братство и Единство“. | **Реализирано** Поставени се семафори. |
| 5 | Вертикална сигнализација или кружен тек на крстосницата кај детската градинка. | **Реализирано** Изграден е нов кружен тек. |
| 6 | Доделување просторија на жените за спроведување состаноци и активности. | **Нереализирано** Нема одговор за точниот временски период за реализација на овој приоритет. |
| 7 | Подобрување на уличното осветлување на потег од детската градинка до меѓуградската автобуска станица и во Егејското маало. | **Реализирано** Замената на уличните светилки се врши по барање на граѓаните/ките. |
| 8 | Чистење на каналот во Егејското маало. | **Нереализирано** Според добиениот одговор од Општина Струмица, прашањето е под надлежност на АД Водостопанство - Струмичко Поле. Од раководителот на Струмичко Поле беше добиена е информација дека општината е одговорна за чистење на каналите. |
| 9 | Распишување избори за членови на Советите во месните и урбаните заедници. | **Нереализирано** Општина Струмица нема конкретна информација за датумот на распишување избори. |





# Мониторинг на реализацијата на приоритети на жените од Осма Б урбана заедница

## ОПШТИНА СТРУМИЦА

Жените од Осма Б урбана заедница, во фазата на креирање на општинските буџети за 2022, 2023 и 2024 година, до општина Струмица доставија 5 предлози за подобрување на условите на нивниот живот во заедницата.
Заради утврдување на степенот на реализација на приоритетите на жените од Осма Б УЗ, Организацијата на жени од Струмица во април 2024 до општината достави барање за пристап до информации од јавен карактер. На најголемиот дел од поставените прашања општина Струмица не даде конкретни одговори, со образложение дека истите се во надлежност на општинските јавни претпријатија. Поаѓајќи од фактот дека претрпијатијата се формирани токму од страна на општината, останува нејасно зошто не добивме информации за овие прашања. Затоа, беа извршени и разговори со раководители и вработени во претпријатијата.
Дополнително, поради недостаток на официјални одговори, Женскиот кружок од Осма Б урбана заедница изврши увид и на лице место на локациите за кои беа побарани информации од Општина Струмица.

**Степен на реализација**
**60%, односно 3 од вкупно 5 приоритети!**

| | **Приоритети (барања) на жените** | **Реализација (одговори) од Општина Струмица** |
|---|---|---|
| 1 | Поставување нови контејнери за отпад и за селекција на отпадот пред колективните станбени згради. | **Реализирано** Поставени се нови контејнери за отпад и за селекција на отпад. |
| 2 | Канти за отпадоци пред постоечките летниковци. | **Реализирано** Поставени се канти за отпадоци кај летниковците. |
| 3 | Редовно чистење и одржување на турските гробишта. | **Реализирано** Чистењето и одржувањето на турските гробишта се врши редовно - двапати годишно. |
| 4 | Доделување просторија на жените за спроведување на состаноци и активности. | **Нереализирано** Нема одговор за точниот временски период за реализација на овој приоритет. |
| 5 | Распишување избори за членови на Советите во месните и урбаните заедници. | **Нереализирано** Општина Струмица нема конкретна информација за датумот на распишување избори. |



## Мониторинг на реализацијата на приоритети на жените од село Муртино

### ОПШТИНА СТРУМИЦА

За време на процесот на креирање на буџетите на Општина Струмица за 2022, 2023 и 2024 година, жените од село Муртино до општината доставија 9 предлози за подобрување на условите на нивниот живот во заедницата.
Заради утврдување на степенот на реализација на нивните барања, Организација на жени од Струмица во април 2024 до општината достави барање за пристап до информации од јавен карактер. На најголемиот дел од поставените прашања општина Струмица не даде конкретни одговори, со образложение дека истите се во надлежност на општинските јавни претпријатија. Имајќи го во предвид фактот дека претрпијатијата се формирани од страна на општината, останува нејасно зошто не ги добивме бараните информации.
Поради недостаток на официјални одговори, беа спроведени разговори со раководители и вработени во претпријатијата, а Женскиот кружок од Муртино изврши увид и на лице место на локациите за кои беа побарани информации од Општина Струмица.

**Степен на реализација**
**25%, односно 1 од вкупно 4 приоритети!**

| Приоритети (барања) на жените | Реализација (одговори) од Општина Струмица |
| --- | --- |
| 1. Хортикултурно уредување на просторот пред Домот на културата и поставување урбана опрема. | **Нереализирано** Според добиените информации, планирано е просторот пред Дом на културата да се уреди во текот на 2024 година. Сепак, општината нема конкретен одговор за точниот временски период за реализација на овој приоритет. |
| 2. Воведување општински јавен превоз. | **Реализирано** Село Муртино ќе биде опфатено со јавниот превоз. |
| 3. Доделување просторија на жените за спроведување на состаноци и активности. | **Нереализирано** Нема одговор за точниот временски период за реализација на овој приоритет. |
| 4. Распишување избори за членови на Советите во месните и урбаните заедници. | **Нереализирано** Општина Струмица нема конкретна информација за датумот на распишување избори. |





## Мониторинг на реализацијата на приоритети на жените од село Сачево

**ОПШТИНА СТРУМИЦА**

Жените од село Сачево, во фазата на креирање на општинските буџети за 2022, 2023 и 2024 година, до општина Струмица доставија 4 предлози за подобрување на условите на нивниот живот во заедницата.
Заради утврдување на степенот на реализација на приоритетите на жените од Сачево, Организацијата на жени од Струмица во април 2024 до општината достави барање за пристап до информации од јавен карактер. На најголемиот дел од поставените прашања општина Струмица не даде конкретни одговори, со образложение дека истите се во надлежност на општинските јавни претпријатија. Поаѓајќи од фактот дека претрпијатијата се формирани токму од страна на општината, останува нејасно зошто не добивме информации за овие прашања. Затоа, беа извршени и разговори со раководители и вработени во претпријатијата.
Дополнително, поради недостаток на официјални одговори, Женскиот кружок од Сачево изврши увид и на лице место на локациите за кои беа побарани информации од Општина Струмица.

**Степен на реализација**
**25%, односно 1 од вкупно 4 приоритети!**

| | Приоритети (барања) на жените | Реализација (одговори) од Општина Струмица |
|---|---|---|
| 1 | Хортикултурно уредување, обновување и поставување нова урбана опрема (клупи и летниковец) и детски реквизити во паркот во центарот на селото. | **Делумно реализирано** Обновена е посотечката урбана опрема и поставени се клупи за седење. |
| 2 | Воведување општински јавен превоз. | **Реализирано** Село Сачево ќе биде опфатено со јавниот превоз. |
| 3 | Доделување просторија на жените за спроведување на состаноци и активности. | **Нереализирано** Нема одговор за точниот временски период за реализација на овој приоритет. |
| 4 | Распишување избори за членови на Советите во месните и урбаните заедници. | **Нереализирано** Општина Струмица нема конкретна информација за датумот на распишување избори. |

## Мониторинг на реализацијата на приоритети на жените од село Добрејци

**ОПШТИНА СТРУМИЦА**

Жените од село Добрејци, во фазата на креирање на општинските буџети за 2022, 2023 и 2024 година, до општина Струмица доставија 5 предлози за подобрување на условите на нивниот живот во заедницата.

Заради утврдување на степенот на реализација на приоритетите на жените од Добрејци, Организацијата на жени од Струмица во април 2024 до општината достави барање за пристап до информации од јавен карактер. На најголемиот дел од поставените прашања општина Струмица не даде конкретни одговори, со образложение дека истите се во надлежност на општинските јавни претпријатија. Имајќи го во предвид фактот дека претрпнијатијата се формирани од страна на општината, останува нејасно зошто не ги добивме бараните информации.

Поради недостаток на официјални одговори, беа спроведени разговори со раководители и вработени во претпријатијата, а Женскиот кружок од Добрејци изврши увид и на лице место на локациите за кои беа побарани информации од Општина Струмица.

**Степен на реализација:**
**31%, односно 4 од вкупно 13 приоритети!**

| | Приоритети (барања) на жените | Реализација (одговори) од Општина Струмица |
|---|---|---|
| 1 | Дислокација на пунктот за откуп на земјоделски производи од Домот на културата. | **Нереализирано** Според добиената информација, пунктот за откуп на земјоделски производи е дислоциран. Женскиот кружок изврши посета на дадената локации и констатираше дека информацијата не е точна. |
| 2 | Поставување реквизити за рекреативно - спортски активности во дворот на подрачното основно училиште. | **Нереализирано** Официјалниот одговор од општината е дека прашањето е под надлежност на ООУ „Сандо Масев". Од директорката на училиштето добиена е информација дека е планирано да се постават реквизити. Не добивме од |
| 3 | Хортикултурно уредување, поставување урбана опрема и ограда на јавниот простор во селото каде што се поставуваат реквизити за 2 Август. | **Нереализирано** Во март 2024 во село Добрејци општината извршила оградување на паркчето во центарот на селото и поставена е чешма. Не е добиен одговор на конкретното барање. Женскиот кружок констатираше дека барањето не е реализрано. |
| 4 | Чистење на дивите депонии . | **Реализирано** Според добиениот одговор од општината, прашањето е под надлежност на ЈКПД Комуналец. Од јавното претпријатие добиена е информација дека депониите се чистат еднаш годишно, а по пријава од граѓани и повеќе пати во текот на годината. |
| 5 | Уредување на селското фудбалско игралиште. | **Нереализирано** Не е е предвидена реализација во текот на 2024 година. |
| 6 | Санирање на улицата кон селските гробишта. | **Реализирано** Улицата е асфалтирана во декември 2023. |
| 7 | Поставување контејнери за отпад и за селекција на отапд на три локации во селото. | **Нереализирано** Според официјалните информации од општината, ова прашање е под надлежност на ЈКПД Комуналец. Од раководителот на Водовод и канализација - Струмица добиена е информација дека не се поставени контејнери. |
| 8 | Подобрување на уличното осветлување | **Реализирано** Замената на уличните светилки се врши по барање на граѓаните/ките. |
| 9 | Изградба на тротоари од двете страни на главната улица, од почетокот до крајот на селото. | **Нереализирано** Планирана е реализација во 2024 година. Нема информација за конкретен временски период. |
| 10 | Воведување општински јавен превоз. | **Реализирано** Село Добрејци ќе биде опфатено со општинскиот јавен превоз. |
| 11 | Детска градинка во селото. | **Нереализирано** Според добиените информации, прашањето е под надлежност на Министерството за социјална политика, демографија и млади. |
| 12 | Доделување просторија на жените за спроведување на состаноци и активности. | **Нереализирано** Нема одговор за точниот временски период за реализација на овој приоритет. |
| 13 | Распишување избори за членови на Советите во месните и урбаните заедници. | **Нереализирано** Општина Струмица нема конкретна информација за датумот на распишување избори. |

## Мониторинг на реализацијата на приоритети на жените од село Босилово

### ОПШТИНА БОСИЛОВО

Жените од село Босилово, во фазата на креирање на општинските буџети за 2022, 2023 и 2024 година, до Општина Босилово доставија 5 предлози за подобрување на условите на нивниот живот во заедницата.
Заради утврдување на степенот на реализација на приоритетите на жените од Дабиле, Организацијата на жени од Струмица во април 2024 до општината достави барање за пристап до информации од јавен карактер.
Дополнително, Женскиот кружок од село Босилово изврши увид на лице место на локациите за кои беа побарани информации од општината.

**Степен на реализација:**
**60%, односно 3 од вкупно 5 приоритети!**

| Приоритети (барања) на жените | Реализација (одговори) од Општина Босилово |
|---|---|
| 1. Изградба на канализациона мрежа во село Босилово. | **Нереализирано** Општина Босилово работи на изнаоѓање на финансиски средства за изградба на канализациона мрежа. |
| 2. Доделување просторија на жените за спроведување состаноци и активности. | **Реализирано** Советот на Општина Босилово на 27.02.2023 донесе одлука за отстапување просторија за потребите на Женскиот кружок. |
| 3. Уредување на кејот покрај реката во селото. | **Реализирано** Изградена е спортска трим патека. |
| 4. Хортикултурно уредување на просторот наспроти градинката во село Босилово. | **Реализирано** Поставена е декоративна бетонска чешма, систем за наводнување, патека од бекатон плочки и извршено е хортикултурно уредување. |
| 5. Распишување избори за членови на Советите во месните и урбаните заедници. | **Нереализирано** Не се основани месни заедници. Општината нема конкретен одговор дали и кога планира да распише избори за членови на Совети во месните заедници. |

